Врз основа на член 54, став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018) и врз основа на член 6, став 1 алинеа 3 од Деловникот за работа на одборот за евалуација на високото образование, Одборот за евалуација на високото образование (во понатамошниот текст ОЕ), на седницата одржана на 14.09. 2020 година, донесе

# ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА ОДБОРОТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Етичкиот кодекс (во продолжение Кодекс) и правилата за однесување на членовите на Одборот за евалуација на високото образование (во понатамошниот текст ОЕ), претставува збир од етички и професионални барања, засновани врз општо прифатените правила и норми, кои треба да ги почитуваат сите членови на ОЕ при вршење на нивните задачи, предвидени во Законот за Високото образование (во продолжение ЗВО), Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуција и самоевалуација и Деловникот за работа на ОЕ, поврзани со обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот на високото образование.

Целта на Кодексот е да се утврдат етичките насоки и правила на однесување, кои треба да ги следат и кон кои треба да се придржуваат членовите на ОЕ, со цел да придонесат кон подигнување на угледот на Одборот за евалуација како орган на Агенцијата за квалитет во високото образование (во продолжение АКВО), како и кон зајакнување на довербата во високообразовните институции, преку објективно и професионално делување и одлучување.

Кодексот може да се измени во согласност со развојот и потребите на ОЕ.

## ЕТИЧКИ КОДЕКС

Член 1

ОЕ како орган и лицата членови на ОЕ, се должни да се однесуваат на начин со што ќе ја зајакнат довербата на јавноста во високообразовните институции со нивното етичко и професионално однесување во работата која им е доверена, согласно ЗВО.

## ОСНОВНИ НАЧЕЛА

Член 2

### Еднаквост и праведност

Сите субјекти опфатени со Кодексот, треба да се однесуваат во согласност со принципите на еднаквост и правичност, на начин што ја исклучува меѓусебната дискриминација по било кој основ, како и дискриминацијата или селективната примена на критериумите и правилата кон подносителите на барањата за евалуација (во продолжение барателите), гарантирајќи им еднакви

права и обврски, без разлика на структурата, видот на студиските програми или според било кое друго својство.

Член 3

**Професионалност**

Членовите на ОЕ одговорно, совесно, професионално и етички во целост ги исполнуваат сите обврски едни кон други, како и кон барателите. Со своите постапки, сите членови ги почитуваат и се придржуваат кон принципите на објективно, темелно, непристрасно, внимателно, и коректно однесување, преку постојан дијалог и толеранција.

Обврска е на сите членови да ги почитуваат критериумите за стручност и одлучување, базирајќи се исклучиво на достапните факти и објективни мерила, преку професионална и етичка проценка.

За секој обид и во случај да се врши притисок врз работата и професионалното одлучување на ОЕ, ќе се постапува согласно релевантните закони на РСМ.

Член 4

**Непристрасност и транспарентност во работењето**

Сите членови на ОЕ, во својата работа треба да бидат професионални, непристрасни, да ги почитуваат законите, статутите на Универзитетите и нивните единици, правилниците и стандардите, поврзани со нивната работа и одлучување.

Работите и задачите при евалуацијата на високото образование, треба да се базираат на објективни и јасни критеруми и треба да се извршуваат на непристрасен и транспарентен начин, почитувајќи ги принципите на совесност, чесност и правичност.

Работата на ОЕ е јавна во согласност со ЗВО.

Процесот на евалуација на високото образование, е транспарентен и достапен за заинтересираната академска и пошироката општествена јавност.

Сите баратели имаат право да бидат навремено информирани за сите аспекти на евалуацијата, кои се сметаат за точни и релевантни. Извештаите за евалуација на институциите или студиските програми, во рамките на надворешната евалуација, самоевалуација, мора да бидат достапни за јавноста во пишана и/или електронска форма.

Член 5

**Избегнување на судир на интереси**

Членот на ОЕ, кој учествува во работата на комисијата (комисиите) за евалуација на студиската програма или установа, кој врши и други надлежности пропишани со ЗВО, не смее да биде лице кое е дирекно или индирекно доведено во судир на интереси.

Членот на ОЕ, не смее да учествува во постапките на евалуација на установата во која е вработен или студиската програма во чија реализација е вклучен.

Во случај на судир на интереси, членот на ОЕ е должен без одложување за тоа да ги информира членовите на ОЕ.

Неисполнувањето на одредбите за судир на интереси, се смета за сериозно кршење на обврските согласно Кодексот.

Секоја форма на непотозам е недопуштена. За непотизам се смета секое постапување при кое одредено лице кое е во роднинска врска со членовите на ОЕ, се става во привилегирана позиција во однос на другите лица кои имаат еднакви или подобри способности во работи поврзани со делувањето и постапувањето на ОЕ, согласно ЗВО.

Член 6

**Начела на академско однесување**

Сите субјекти на кои се однесува Кодексот, должни се:

1. Работните активности да ги извршуваат професионално, етички, одговорно со почитување на законите, статутите, правилниците и стандардите;
2. Да ги почитуваат меѓусебните професионални односи;
3. Во својата работа да делуваат потполно објективно и непристрасно;
4. Да комуницираат во духот на учтивоста, со јасност и концизност при разговорот (без нагласени гестакулации, нервозни движења, блискост, приватност и др.);
5. Да го почитуваат времето договорено за работни состаноци, средби, ангажмани и др.;
6. Професионално да ги извршуваат работните обврски со постојано стручно усовршување во духот на остварување на поставените заеднички цели.

Член 7

**Слобода на изразување**

Се промовира слободата на изразување во работата на членовите на ОЕ, односно нивното учество во дискусијата и изразувањето на мислењето.

Член 8

**Почитување на туѓо мислење и промовирање на толеранција**

Почитувањето на туѓото мислење, независно дали е изразено преку учество во дебата или е дадено во пишана форма, мора да се заснова на меѓусебна доверба и толеранција.

Исто така, потребно е да се води сметка, за доброто и интересите на квалитетот на високото образование, дискусиите да бидат аргументирани, критички, толерантни и одговорни, со цел да се најдат оптимални решенија на проблемите.

Член 9

**Почитување на човековото достоинство**

Потребно е да се почитува достоинството на членовите на ОЕ и останатите членови поврзани директно или индиректно со процесот на евалуација, преку меѓусебна соработка, работејќи во интерес на унапредувањето на академската заедница и општестото како целина, во областа на високото образование. Основната вредност е да се почитуваат вработените и соработниците во областа на високото образование, како лица на кои им се загарантирани со закон правата на интегритет и достоинство, како и да им се обезбеди и почитува правото на приватност.

Член 10

**Лична одговорност**

При заеднички и индувидуални активности на членовите на ОЕ, тие мора да придонесат за исполнување на задачите на ОЕ, но и да се подготвени да превземат лична одговорност за нивната работа и постапување.

Член 11

**Посветеност и чесност во работата**

Работата и задачите во рамките на ОЕ, треба да се извршуваат одговорно, професионално, целосно, ефикасно според највисоките стандарди и никој не смее да го постави својот личен или приватен интерес над јавниот и општествениот.

Член 12

**Непоткупливост и осуда на сите видови корупција**

Сите оние на кои се однесува овој Кодекс, имаат обврска да го елиминираат секој обид на корупција.

Во таа смисла, не е дозволено да се посегне кон прибавување на материјална или финансиска корист, да се бараат подароци, да се поттикнува давање на подароци или да се прифатат за себе или за друго лице, со цел да се делува директно или индиректно врз објективно и непристрасно донесување и извршување на одлуки, со почитување на професионалните права и должности.

Член 13

**Доверливост при користење на податоци и документи**

Сите членови кои врз основа на нивната позиција, имаат увид на деловни тајни и имаат податоци со статус на доверливост, а се поврзани со работата на ОЕ, треба да ја заштитат доверливоста на ваквите податоци.

Тоа можат да бидат информации, податоци и друга документација во оригинал или копија кои по својата природа се доверливи и заштитени.

Секој неовластен пристап, употреба и обелоденување на доверливи информации, може да му наштети на работата и угледот на ОЕ или на трето лице и затоа, податоците не можат да бидат користени или обелоденувани, освен ако не постои писмено овластување и согласност за тоа.

Член 14

**Компетентност во работата**

Единствен критериум за учество и вреднување на работата на членовите на ОЕ, мора да биде стручноста, способноста, професионалноста, оспособеноста како и резулатите при извршување на задачите и обврските поврзани со надлежностите на ОЕ, без дискриминација според полова, верска, расна како и било која друга основа на членовите на ОЕ.

Член 15

**Стручност во областа на ОЕ**

За стручно извршување на работите и задачите во надлежност на членовите на ОЕ, потребно е да се пратат, познаваат и разбираат меѓународните, особено европските системи за обезбедување на квалитетот на високото образование, како и функционирањето на националниот систем, со цел за негов развој и унапредување, како и механизмите за негово оценување и усовршување.

Член 16

**Спремност за континуирано учење и усовршување во областа на осигурување на квалитетот на високото образование**

Право и должност на секој член на ОЕ, е постојано да се усовршува во областа на квалитетот на високото образование, преку подигнување на нивото на сопствено знаење и стручност, со цел да придонесе во професионалноста на работата на ОЕ.

## ПОВРЕДА НА КОДЕКСОТ

Член 17

Во случај на повреда на Кодексот од некој член или членови, се води расправа на седница на ОЕ.

По одржување на седницата на ОЕ на која се води расправата за повреда на Кодексот, се донесува одлука.

Член 18

Под повреда на Кодекс се подрабира:

1. непостапување во согласност со Деловникот за работа на ОЕ;
2. непридржување кон процедурите на работа на комисиите и другите стручни тела;
3. неријавување на судир на интереси;
4. неовластено изнесување на доверливи информации во јавност;

5. повреда и злоупотреба на интелектуална сопственост на институциите со кои соработува ОЕ;
6. несоработка или спречување на соработка со сите членови на ОЕ и останати дирекни или индирекни чинители во процесот на евалуација.

Член 19

**Постапување во случај на повреда на Кодексот**

Во случај на повреда на Кодексот на однесување, постапка може да покрене било кој член на ОЕ, за што доставува писмено барање до ОЕ согласно член 17.

ОЕ ја отпочнува постапката за проучување на повредата, земајќи ги предвид точните информации и причините за нарушувањето. На членовите против кои се води постапката, им се овозможува пред ОЕ, да го изнесат своето мислење и причините за таквото однесување на редовна седница, за што се информираат пет работни дена пред тоа. За спроведената постапка, ОЕ донесува одлука со просто мнозинство од присутните.

Одлуката донесена на седницата од страна на членовите на ОЕ е конечна и може да биде во форма на:

- Усмена опомена;
- Писмена опомена;
- Предлог за разрешување на членот на ОЕ до институцијата која го именувала или избрала, за што се исвестува и Директорот на АКВО, со цел да се поведе постапка за именување на нов член, на предлог на институцијата која го избрала сега разрешениот.

**СТАПУВАЊЕ НА СИЛА**

Член 20

Етичкиот кодек е јавен документ и се објавува на веб страната на АКВО.

Член 21

Овој Кодекс стапува на сила на денот на донесување од страна на ОЕ.

Претседател на Одборот за евалауција

14.09.2020 Ред. проф. д-р Марина Митревска

Скопје